ОКТА Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 09-299/20
30.01.2020 год
Скопје 1

## ПОЛИТИКА ЗА ЗДРАВЈЕ, БЕЗБЕДНОСТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

**ОКТА АД - Скопје** како дел од Хеленик Петролеум групацијата ги хармонизира своите активности кон постигнување на целите на одржлив развој и борба со климатските промени давајќи приоритет на здравјето, безбедноста и животната средина.

Стратешка определба на компанијата е транзиција кон економија со ниски емисии на јаглерод. Нашата визија за здравје, безбедност и животна средина е "Нула негативни влијанија-Нула штети" како предуслов за одржлив развој.

За постигнување на овие цели компанијата:

- **Се усогласува** со националното законодавсто и интерните и други прописи на групацијата.
- **Презема мерки** за превенција и намалување на ризиците по здравјето и безбедноста и подобрување на работните услови за вработените.
- **Ги намалува влијанијата** по животната средина преку мерки за превенција на загадувањето, намалување на емисиите, ефикасност во користење на енергија и природни ресурси.
- **Ги идентификува ризиците** поврзани со климатските промени и имплементира планови за ублажување и адаптација во процесот на снабдување со безбедни и достапни енергетски продукти.
- **Ги консултира** сите засегнати страни, вработените и претставниците на вработените со цел да одговори на општествените потреби и придонесе кон споделување на знаење, на доверлив и транспарентен начин.
- **Поставува специфични и мерливи цели**, препознатливи на меѓународно ниво со цел да постигне континуирано подобрување на перформансите.
- **Ја пренесува културата за одржлив развој** во синџирот на вредности и на сите засегнати страни.

ОКТА АД - Скопје е посветена кон усвојување на најдобрите практики за одржлив развој и за снабдување со неопходните ресурси, како и следење на перформансите низ целокупниот циклус преку развој на процеси на ревизија, контрола и сертификација со цел да бидат постигнати општите и посебните цели за континуирано подобрување.

Сите вработени и соработници на ОКТА АД Скопје имаат обврска да се усогласат со оваа Политика и со барањата за ЗДРАВЈЕ, БЕЗБЕДНОСТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ.

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво

**Главен извршен директор**
**Вук Радовиќ**

јануари 2020